*ОПШТИНА КАРПОШ*
*СЕКРЕТАР*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Број: 21-7750/12
Датум: 20.11.2019год.
Скопје

Врз основа на член 52, став 1 од Законот за административните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 ), се донесе следната

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат за унапредување на административен службеник по пат на интерен оглас**

1. За извршител за работното место – УПР0101В01000, Советник за спроведување и реализација на урбанистички планови во Одделението за спроведување на урбанистички планови, во Секторот за урбанизам, се избира кандидатот **Олга Цубалеска Јаневска**, од Скопје.

2. Именуваната од точка 1 на оваа одлука ќе биде унапредена на работното место по завршување на постапката за избор и конечноста на оваа одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во согласност со член 48 од Законот за административните службеници, на 07.11.2019 година на веб страната на Општина Карпош и на веб страната на Агенцијата за администрација, беше објавен интерен оглас за унапредување на работно место – Советник за спроведување и реализација на урбанистички планови во Одделението за спроведување на урбанистички планови, во Секторот за урбанизам.

Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, формирана со Решение бр. 21–7750/6 од 14.11.2019 година, донесено од страна на Секретарот на Општина Карпош изготви ранг – листа, што со Записник бр. 11-7750/8 од 18.11.2019 година, ја достави до Секретарот на Општина Карпош.
Врз основа на Записникот со ранг – листата, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата на Општина Карпош.

СЕКРЕТАР
НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Стојан Алексов**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАРПОШ
СКОПЈЕ

Доставено до:
- Именуваната,
- Одделението за човечки ресурси и
- Архивата на Општина Карпош.